Бр: 03-98/2
Скопје: 23.04.2020

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 23.04.2020 година го донесе следното

# МИСЛЕЊЕ

Комисијата за заштита на конкуренцијата (во натамошниот текст „Комисија„) на 22.04.2020 година доби Барање на мислење бр. 03-98/1 по Информацијата со предлог за усогласување со Привремената рамка на Европската комисија за мерки за државна помош за поддршка на економијата за време на појавата на КОВИД – 19 (во натамошниот текст „Информација„), доставена од Владата на Република Северна Македонија.

Комисијата ја разгледа доставената Информација со која е предвидено да се обезбедат решенија од Комисијата за усогласеноста на вториот сет економски мерки на Владата за справување со КОВИД – 19 кризата, усвоени на 31.03.2019 година со Привремената рамка на Европската комисија за мерки за државна помош за поддршка на економијата за време на појавата на КОВИД – 19 бр. Ц(2020) 1863, усвоена на 19.03.2020 година и Изменетата Привремена рамка Ц(2020) 2215, усвоена на 03.04.2020 година.

Комисијата смета дека:

1. **Законот за контрола на државната помош е целосно усогласен со член 107 од Договорот за фунционирање на Европската унија (ДФЕУ).**

2. **Членот 107 од ДФЕУ е транспониран во член 8 став (1) и член 8 став (2) од Законот за контрола на државната помош, а кој член се однесува на исклучоците од општата забрана за доделување државна помош.**

3. **Привремената рамка на Европската комисија се однесува на помош со која се надоместува штетата предизвикана од природни катастрофи или други исклучителни настани, како и на помош наменета за отстранување на потешкотиите во домашното стопанство.**

4. **Во Законот за контрола на државната помош оваа помош се регулира во член 8 (1) б) и член 8 (2) б).**

5. **Согласно член 3 став (3) од Законот за контрола на државната помош „Во оцена на облиците на државна помош кои можат да имаат влијание на трговијата меѓу Република Македонија и Европските заедници, согласно**

со членот 69 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзините земји членки, на соодветен начин се применуваат критериумите кои произлегуваат од правилната примена на правилата за државна помош во Европската унија„.

6. За оценка на вториот сет економски мерки на Владата за справување со КОВИД – 19 кризата, усвоени на 31.03.2019 година потребно е давателот на државна помош да достави известувања за планирано доделување на државна помош на Образецот даден како Прилог I во Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 142/11), за секоја поединечна мерка посебно.

7. Комисијата ќе постапи согласно своите надлежности по добивањето на известувањата и врз основа на секое известување за планирано доделување на државна помош ќе изготви и достави решение.

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Проф. Д-р Владимир Наумовски